АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30.05.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2627 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 30 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово беше извршен на 19.04.2018 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-304 од 16.05.2018 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово.

6. **Констатации од надзорот:** На 30.05.2018 година, Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово ги достави во Агенцијата потребните податоци, со што ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***